Утрински весник 12.01.2011 г.

# Во потрага по нови сознанија

## Кон премиерната изведба на модерното балетско дело „Врати“, во кореографија на Олга Панго и режија на Наташа Поплавска

**Емилија Џипунова**

Пред бројната публика вистински поклоници на балетската уметност, неодамна, на самиот крај од првата деценија на 21 век, на малата сцена при Македонската опера и балет, премиерно беше изведено модерното балетско дело „Врати“ според идејата и кореографијата на Олга Панго. Музиката е на Џенгис Ибрахим, режијата и либретото на Наташа Поплавска, сценографијата на Емил Петров и костимите на Марија Пупучевска.

„Врати“ е балетско дело со мултимедијален карактер. Дело, конципирано врз едноставна тема поврзана со желбите и потребите на секој млад човек да тргне во потрага по нови сознанија. Да отвори нови врати. Да го открие неоткриеното..., а го открива само универзалниот модел на битисувањето на луѓето - сплет од љубов, страст, омраза и болка.

За ваквите лични и интимни состојби на човекот, надвор од општествените и социјалните околности, Олга Панго инспирацијата ја наоѓа во извонредно податливата музика на Џенгис Ибрахим. Музика со јасно изразен ритам и широка мелодиска линија изведена преку неколкуте ориентални инструменти - канон, саз, перкусии и вода, најповеќе во жива изведба на авторот и на неколку наврати, а особено на самиот крај, придружуван од ритмичко удирање и на танчарите во име на завршниот дострел од содржинската компонента - тензичната атмосфера на осаменост и освета.



Во широкиот сценски простор, поентиран со неколку сценографски елементи и лесно подвижни врати, во функција на режиско-кореографската концепција, Олга Панго ја развива кореографијата. Низ еден специфично фуриозен ритам и палета од разновидни движења и танцови конструкции, во стилот на неокласичниот балетски израз, современа танцова техника и гротескни движења, ги конструира соло, дуетните и терцерните танцови пасажи. Кореографска структура особено експонирана преку лирскиот дует меѓу Потстанарката и Мажот и сугестивно, страствено и посесивно судрување меѓу Мажот и Сопругата.



**Во стилот на неокласичниот балетски израз, современата танцова техника и гротескните движења, Панго конструира соло, дуетни и терцерни танцови пасажи**

Преку изнијансираните мизансценски решенија, пак, и поврзувањето на интерактивниот однос меѓу ликовите и дејството, Наташа Поплавска го развива сижејниот контекст и го доловува и прикажува самиот наслов.

Во интерпретативна смисла особено забележителна беше заемната концентрација и позитивна енергија кај интерпретаторите.

Со широк замав на движењата, изразена пластичност и сигурна танцова поддршка во хармонично изведениот дуетен танц, Наташа Николова во улогата на Станарката впечатливо ја преточуваше развојната линија на емотивните расположенија - од безгрижност, преку вљубеност до болка и осаменост во осудата и притисокот на соседите. Не помалку забележителна беше и креацијата на Драган Кочовски како во танцово-ритмичка, така и во интерпретативна смисла, трансформирајќи се од незадоволен инертен Сопруг, до нежно вљубен и безочно груб маж, непреминувајќи ја притоа границата на работ на патетиката.

Со изразен танцов темперамент преку пренагласените движечко-танцови елементи - скокања, вртење и превртување, Маја Митровска го обликуваше ликот на Сопругата. Шармантно во стилот на гротеската, Лиле Миленковска како Пејачката, Стефан Кочевски како Минувач и Марина Геогриевска и Агим Бафтири како Студенти, го одиграа веселиот разудан танц. Со максимално еманирана енергија и впечатливи сценски движења Билјана Пашариковска го креираше ликот на Сопственичката.

Ликовните елементи, сценографијата, костимите и дизајнот на светло, реализирани од Емил Петров, Марија Пупучевска и Васко Лисичов, беа во функција на кореографско режиската концепција, односно важни креативни учесници во неа.